Влада на Република Северна Македонија

**НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА:**

**Информација за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година**

1. **Надлежности и состав на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите**

Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (ИРГ) е формирана со Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.44-4277/1 на 15.08.2017 и Решение за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група бр.44-4277/2 (Службен весник на РМ бр.114 од 21.08.2017 година).

ИРГ е составена од 26 члена назначени од Владата, од кои 12 членови од редот на вработените во органите на државна управа: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за одбрана, Министерство за образование и наука, Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинет на заменик претседател на Владата на Република Северна Македонија и 13 членови на предлог на организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации.

ИРГ, согласно член 3 од Одлуката за формирање на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ги има следните задачи:- да го промовира концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции; - да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области; - да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања; - да учествува во подготовката и дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост; - да ги следи периодичните извештаи од институциите .

Стручно-административните работи на интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ќе ги врши Министерството за труд и социјална политика.

## 2. Одржани седници и разгледани материјали од страна на Интер ресорска советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите

ИРГ во текот на 2018 година одржа три седници седници ( трета, четврта и пета).

На седницата на 04.04.2018, ИРГ го усвои Деловниот за работа на ИРГ и Програмата за работа на ИРГ за 2018 година.

ИРГ согласно Деловникот за работа формираше четри работни групи:

- Работна група за Родово одговорно буџетирање во состав: Фатмире Хоџа, Спасена Крстевска , Марина Узунов, Неда Малевска, Габриела Маџоска, Јована Тренчевска и Ирена Николов.

- Работна група за унапредување на политиките за родова еднаквост во состав : Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ, Даниела Димитриевска, Анета Петровска Русомароски, Мирјана Најчевска, Драгана Дрндаревска, Сузана Никодијевиќ Филиповска, Бранка Минчева Коцевска, Славица Михајловска, Јорданка Богатиновска, Елизабета Ѓелевска и Марија Савоска.

- Работна група за Резолуција 1325 во состав: Виолета Куновска, Даниела Јованова, Сумејра Сали, Даниела Јанева и Даниела Димитриевска .

- Работна група за Истанбулска Конвенција во состав: Нермина Факовиќ, Јована Тренчевска, Дивна Змејковска, Киро Цветков, Ирена Николов, Садате Рамадани и Сумејра Сали.

Во текот на 2018 година, ИРГ разгледа вкупно 12 акти и материјали.

1 Предлог - Националниот акциски план за родова еднаквост за 2018-2020 година. Членовите позитивно го оценија процесот на подготовка на овој документ како отворен и транспарентен, а дел од нив беа дирекно инволвирани од самиот почеток во процесот на подготовка;

2. Програмата за работа на Владата за 2018 година. Се препорача за поголема меѓусекторска координација за тоа кои закони ќе бидат предмет на измена, а се меѓусебно тесно поврзани и се значајни за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите;

3. Предлог - Годишен извештај за преземени активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во РМ за 2017 , со препораки за 2019 година. Со цел да се подигне нивото на известување

за напредокот за воспоставување на еднаквите можности се формира Работна група за изготвување на Упатство за годишно планирање и известување на институциите со цел воедначување и усогласување на различните процеси на известување за унапредување на родовата еднаквост. Ова Упатство кое ќе послужи како алатка за да го унапреди начинот на презентирање на инфорациите и поквалитетно известување за мерките и резултатите во остварувањето на еднаквите можности на жените и мажите во ОДУ и ЕЛС.

4. Предлог – Акциски план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Северна Македонија 2018-2023.

5. Предлог - Методологија за родова проценка на секторските политики и оценувања на родовата интеграција во политиките, мерките и активностите преку употреба на родовите показатели и Прирачник за чекорите и пристапите за примена на родово одговорно буџетирање. Со цел да се подобри текстот на Методологијата се дадоа конкретни забелешки и сугестии до МТСП кој го координира овој процес. Освен ова, беше посочена и потребата да се одложи усвојувањето на оваа методологија со образложение дека истата треба да се усогласи со новиот Закон за буџети и новата методологија за стратешко планирање.

6. Предлог на Годишниот извештај за Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020. Членовите на Интер ресорска дадоа препорака: Годишниот извештај за Стратегијата 2013-2020 во иднина да се усвојува од Собранието најдоцна до јуни во тековната за претходната година, следејќи ги процесите на годишно информирање; како и тоа да членовите на ИРГ да достават забелешки во писмена форма за Годишниот извештај за стратегијата до
Секторот за еднакви – МТСП кој го подготвува овој извештај.

7. Предлог Акциски план за Резулуцијата 1325.

8. Известување за проектот на МТСП за родово одговорно буџетирање поддржан од UN Women.

9. Предлог на Законот за социјална заштита,

10. Измени и дополнување на Деловникот за работа на ИРГ. Во насока на ефикасно работење на Интер ресорската група и кворум за носење на одлуки, беше донесен заклучок: Министерството за труд и социјална политика кое ја координира работата на Интер ресорската група да подготви информација за

работата на ИРГ до Влада која ќе вклучи информација за присуство на поединечните членови на досегашните седници, како и да се задолжат министерства кои имаа свои членови во ИРГ посериозно да ја сфатат улогата ИРГ која има обврска да го вклучи концептот на родова еднаквост во генералните политики на сите јавни институции, да го следи напредокот и усогласување на законодавството со ЕУ и со европските стандарди за родовите прашања, како и да ја следи интеграцијата

на родовата перспектива во секторските политики , со цел ова тело формирано од Влада на РСМ поефикасно да работи. Исто така се даде препорака да се пристапи кон промена на членот 15 од Деловникот за работа на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите со цел непречено работење и реализирање на активностите, да се одлучува со 1/3 од бројот на членовите на ИРГ и со половина од присутните.

11. Анализа на програмите и потпрограмите на стратешките планови и Инцијатаивите за Годишната програма за работа на Владата во кои е вклучена родовата перспектива. Од анализата на доставените документи констатирано е дека повеќето институции ја немаат вклучено родовата перспектива. Воедно како посочено е како добар пример вклучување на родовата перспектива „ Предлог – програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2019 година каде што една од приоритетните цели за кои се предвидува финансиска поддршка на здруженијата и фондациите со оваа програма е „Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите".

Писмени мислења и препораки што ИРГ ги достави до ресорните министерства се:

12. МТСП како координативен механизам за родова еднаквост да достави допис до сите министерства во кој ќе ја нагласи обврската и важноста од вклучување на родовата перспектива во политиките, стратешките планови и буџети;

### 3. Активности на Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

Членовите на интер ресорската група во текот на периодот на известување присуствуваа и учествуваа на работилници, дебати и други значајни настани поврзани со еднаквите можности на жените и мажите.

Членовите на интер ресорска група во февруари до јуни учествуваа во подготовка на Акциониот план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Северна Македонија 2018-2023. Исто така, членовите на ИРГ учествуваа на јавната расправа за Акцискиот план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Северна Македонија 2018-2023

Согласно Акциски план за родова еднаквост 2018-2020, членовите на Интер ресорската група учествуваа во развивање на родово буџетските иницијативи на селектираните програми на нивните министерства. Исто така, учествуваа и на обуките кои ги организираше МТСП со цел да се зајакнат капацитетите на државната

управа во однос на вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики (Gender mainstreaming), што претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политиките – притоа, имајќи го во предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.

Членовите на Интер ресорска група во текот на извештајниот период учествуваа на регионалната конференција за родово одговорно буџетирање која се одржа во мај 2018 во Скопје.

Присуството на значајни настани од областа на еднаквите можности, на дебати, конференции и работилници е од особено значаење за членовите на интер ресорската група, за стекнување со нови знаења и искуства и размена на позитивни пракси.

Прилог:

Членови на Интер ресорска консултативна група и советодавна за еднакви можности на жените и мажите

Составот на ИРГ, согласно Решението за именување на членови на Интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности н жените и (Службен весник на РМ, бр. 114 од 21.8.2017 година):
За координатор и членови на интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите се именуваат од:
- Министерството за труд и социјална политика Јованка Тренчевска – координатор;-
- Министерство за трруд и социјална политика- Даниела Хаџи Димова Јованова – член
- Министерството за финансии Спасена Ивановска-член;
- Министерството за внатрешни работи Ана Бурагева Алексова-член;
- Министерството за правда Киро Цветков, член;
- Министерството за здравство Нермина Факовиќ- член;
- Министерството за економија Фатмире Хоџа, член;
- Министерството за образование и наука Маринела Тушева Маричиќ;
- Министерството за одбрана Виолета Куновска-член;
-Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Славица Михајловска-член;
- Министерството за информатичко општество и администрација -Бранка М. Коцевска-член;
- Кабинет на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори Марина Узунов – член
- Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија Сузана Никодијевиќ Филиповска- член;
- Организацијата на работодавачи на Македонија Анета Петровска Русомароски-член;
- Бизнис Конфедерацијата на Македонија Јорданка Богатиновска-член;

Влада на Република Северна Македонија

- Унијатата на независни и автономни синдикати на Македонија Дивна Змејковска-член
- Сојузот на синдикатите на Македонија Елизабета Гелевска-член;

- Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија Даниела Јаневска-член;
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа Ирена Пиколов-член;
- Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" Драгана Дрндаревска –член;
- Македонското женско лоби Даниела Димитриевска – член ;
- Платформата за родова еднаквост Марија Савовска-член;
- Експерт за родова еднаквост Неда Малеска Сачмароска.

Согласно Одлуката на Владата бр. 44-2844/1 ( Сл. Весник бр.60 од 03април 2018 година) и Решението бр. 44-2844/2 од 27март 2018 членови на ИРГ се: Мирјана Најчевска, Дијана Ѓорѓевиќ Стојановиќ и Ленче- Алексовска Величковска .

Влада на Република Северна Македонија

| ПРЕДЛОГ – ЗАКЛУЧОЦИ: |
| --- |
| Материјалот е од информативен карактер без заклучоци. |

Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

Влада на Република Северна Македонија

| Име и презиме | Институција | Редовност | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 10.04.2018 | 04.10.2018 | 27.12.2018 |
| Јована Тренчевска Координатор | Министерство за труд и социјална политика | присутна | присутна | присутна |
| Габриела Мацоска секретар | Министерство за труд и социјална политика | присутна | присутна | присутна |
| Даниела Хаџидимова Јованова член | Министерство за труд и социјална политика | присутна | присутна | отсутна |
| Славица Михајловска член | Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство | отсутна | присутна | присутна |
| Фатмире Хоџа член | Министерство за економија | отсутна | отсутна оправдано | присутна |
| Ана Бурагева Алексова член | Министерство за внатрешни работи | присутна | отсутна оправдано | отсутна оправдано |
| Сумејра Сали Заменик член | Министерство за внатрешни работи | | присутна | присутна |
| Бранка Минчева Коцевска член | Министерство за информатичко општество и администреациај | присутна | присутна | присутна |
| Киро Цветков член | Министерство за правда | отсутен | отсутен | присутен |
| Нермина Факовиќ член | Министерство за здравство | присутна | отсутна | присутна |
| Спасена Иваноска член | Министерство за финасии | | отсутна | присутна |
| Виолета Куновска член | Министерство за одбрана | замена | присутна | замена |
| Тушева Маринела Маричиќ член | Министерство за образование и наука | отсутна | отсутна | |
| Ирена Николов член | Заедницата не единиците на локалната самоуправа | присутна | отсутна | присутна |
| Сузана Никодијевиќ Филиповска член | Генерален Секретаријат на Владата на Република Македонија | присутна | присутна | присутна |
| Марина Узунов член | Кабинет на заменик претседател на Владата на Република Македонија | отсутна | отсутна | отсутна |
| Елизабета Гелевска член | Сојуз на синдикати на Македонија | присутна | отсутна оправдано | присутна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Драгана Дрндаревска<br>член | Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници | присутна | отсутна оправдано | присутна |
| Марија Савовска<br>член | Платформа за родова еднаквост | присутна | присутна | присутна |
| Марија Башевска<br>заменик член | Платформа за родова еднаквост | | | |
| Даниела Јаневска<br>член | Конфедерација на слободни синдикати на Македонија | отсутна | отсутна | отсутна |
| Дивна Змејковска<br>член | Унија на независни и автономни синдикати на Македонија | отсутна | отсутна оправдано | отсутна |
| Даниела Димитриевска<br>член | Македонско женско лоби | присутна | присутна | присутна |
| Анета Петровска Русомароски<br>член | Организација на работодавачи на Македонија | присутна | присутна | присутна |
| Белинда Николовска<br>заменик член | Организација на работодавачи на Македонија | | | |
| Јорданка Богатиновска<br>член | Бизнис Конфедерацијата Македонија | отсутна | отсутна | отсутна |
| Мирјана Најчевска<br>член | Експерт | присутна | отсутна | отсутна |
| Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ<br>член | Експерт | присутна | присутна | присутна |
| Неда Малевска Сачмароска<br>член | Центар за управување со промени | присутна | отсутна | отсутна |
| Ленче Алексовска Величковска<br>член | Такт | отсутна | отсутна | отсутна |
| Силвија Митевска | такт | присутна | отсутна | присутна |